# МИСИОНСКИ
## СТИХОВИ

Евангелски активности
на верниците





ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2020

*Сабота, 4 април 2020*

## ДА СЕЕМЕ ПОКРАЈ СИТЕ ВОДИ

**„Блажени сте вие: ќе сеете при сите води!“ Исаија 32,20.**

Исус Христос основач на оваа црква, дошол на земјата за да го сее семето на Божјата Реч покрај секоја вода, во секое срце во секој дом и на секое место каде што се наоѓал. На тој начин Тој го „наоѓал и спасувал она што е изгубено.“ Кога ја завршил својата работа заминал на небото за таму да припреми место за нас, а нам ни оставил налог да ја продолжиме работата којашто Тој толку славно ја започнал.

И благодарение на Господа Неговиот народ го разбира овој налог што Христос го оставил, одговара на неговиот повик и се труди налогот да го изврши што поточно и што поверно. За таквите верни Христови следбеници Божјиот пророк вели: „Блажени сте вие.“ Истата работа што Исус ја работел, извршувајте ја и вие: сејте покрај секоја вода! Бидејќи работите онака како што работел Исус, „блажени сте вие“ и имате право да се нарекувате со Неговото име.

Оваа сабота треба да набавиме и доволно количество од скапоцено семето - Божјата Реч, и нашите духовни книги и списанија.

Бог преку Духот на пророштвото вели:

„Да се потрудиме нашите трактати, брошури и часописи да стасаат во секој дом. Каде и да одите, носете ги со себе. Продајте го она што можете или позајмете ги на читање. Но, ако потребата го налага тоа, можете и да ги подарите. Таквата работа ќе донесе благословени резултати.“ (Ривју енд Хералд, 10 јуни 1880.)

*Сабота, 11 април 2020*

## ДА ИМ СВЕДОЧИМЕ НА СОСЕДИТЕ

**„Филип го сретна Натанаила и му рече: Го најдовме Оној за Кого пишува Мојсеј во Законот и Пророците: Исуса, синот Јосифов од Назарет.“ ( Јован 1,45)**

Филип и Натанаил живееле во ист град, биле добри соседи и сограѓани, па често ги делеле и најдлабоките тајни на срцето истражувајќи ги и делејќи ги несебично богатствата на новооткриените сознанија и вистини. А тогаш настапил најголемиот момент во историјата, момент за кој толку долго копнееле, и кога Филип дознал дека дошол Тој толку долго посакуван и толку одамна проречен Месија, побрзал својата радост да ја сподели со својот сограѓанин и сосед, Натанаил.

И ние денеска се сретнуваме со истиот Исус, само во моменти далеку посудбоносни и пославни - поблизу до Неговото доаѓање. Дали тоа го знаат нашите добри соседи и нашите долгогодишни пријатели? Дали тоа сме им го изнеле на најдобриот начин на кој ќе можат тоа да го прифатат, како што тоа го сторил Филип со Натанаил?

Кој е тој најдобар начин на кој би морале да ја изнесуваме радосната вест? Преку Духот на пророштвото Бог ни вели:

„Повикајте ги своите соседи во својот дом и читајте им ја скапоцената Божја Реч... повикајте ги да ви се придружат во песните и молитвите.“ (МХ 152)

Повикајте ги да ги слушаат прекрасните мелодии и уште поубавите вести од Божјата Реч. Во таа насока можеме да ги употребиме и сите помошни средства кои ги имаме: компјутер, power point презентации, видеобим, интернет со песни, проповеди и библиски филмови. Светиот Дух ќе најде време и момент да ги допре искрените срца и како Натанаил, многумина уште денес преку нас ќе можат го најдат она за кое копнеат. Ќе го

пронајдат совршениот мир и среќа кога ќе го откријат Исуса Христа кој е нашата Правда, нашиот Спасител и Откупител. Неговиот благороден, чист и свет карактер е она што сите луѓе го бараат и за што копнеат.

*Сабота, 18 април 2020*

## ДА РАЗМИСЛУВАМЕ КАКО ДА СВЕДОЧИМЕ ПОДАЛЕКУСЕЖНО

**„И им одговори: Да одиме: во соседните села, да проповедам и таму, зашто затоа и излегов.“ (Марко 1,38)**

Нашиот мил Спасител го сака целиот свет. Неговата вест за спасението на секоја душа и неговата жртва со која нè спасил, ги опфаќа сите луѓе на овој свет. Можеби во соседните места има и такви кои сè уште не знаат за тоа. Зар да ги оставиме без сознание дека можат да извојуваат победа над болестите, страдањата и смртта и дека во Исуса Христа можат да имаат вечен живот?

Како што ги повикувал со прекрасни зборови своите ученици во она дамнешно време да појдат по Него и да му бидат помошници во неговото дело, исто така Тој денес и нас нè повикува преку гласот на Духот на пророштвото со следните зборови:

„Црквата треба да ја зголеми својата активност и да ги прошири своите граници. Нашите мисионски напори мораат да станат подалекусежни.“ (LSM 396)

Како што учениците во она време го послушале Христовиот налог толку верно и точно, така што таа мила вест стасала дури до нашите краишта и до нашето време, да го послушаме и ние и да се трудиме оваа вест, која внесува мир, радост и среќа во нашиот живот, да им ја однесеме и на другите за да може и врз нив таа така славно да делува.

*Сабота, 25 април 2002*

## „ДА ГЛЕДАМЕ НА ХРИСТА!“

**„Обратете се кон Мене за да се спасите, сите краишта на земјата, зашто Јас Сум Бог и нема друг.” (Исаија 45,22.)**

Секој човек на оваа планета бара некоја мостра, се труди некого да имитира, некого да следи. Некој ја следи модата, други, пак, бараат среќа во пороците и во кој знае какви ли сè сатанини измислици и, за жал, сите одат во пропаст. Кога не би го знаеле решението на овој проблем, тогаш би морале да се помириме со судбината и само да го чекаме моментот на својата лична пропаст. Но, зар не е страшно да го знаеме решението на проблемот, на толку страшното и толку судбоносното зло кое сите нас нè притиска, па и покрај сето тоа знаење и покрај сите извонредни можности да го примениме тоа знаење, ние да не преземеме ништо?

А каде е всушност решението? Духот на пророштвото ни го дава одговорот:

„Кога нашиот поглед е сосредоточен на Исуса, нашиот живот ја наоѓа смислата на своето постоење.“ (ЕД 297)

„Затоа слабите треба да се обратат кон Исуса, да веруваат во Него и на дело да ја покажуваат својата вера.“ (ЕВ 73)

Да ги научиме луѓето својот поглед да го насочуваат кон Исуса, да мислат како што мислел Тој и да зборуваат и работат како што зборувал и работел Тој. Да ги повикаме да се обидат и самите да се уверат во благословениот и среќен начин на таквиот живот. Тогаш и самите ќе можат да заклучат дека тоа е најубавиот живот што човек може да го живее, всушност дека тоа е животот кој го барале и по кој копнееле.

*Сабота, 2 мај 2020*

## ЦЕНИ ГО НЕБЕСНОТО БОГАТСТВО

**„Ним им беше откриено дека тие не за самите себе служат, туку за вас со она што ви се јави сега вам преку оние кои го проповедаа Евангелието од небото преку Светиот Дух, и во кое копнеат да ѕирнат ангелите.“ (1. Петрово 1,12)**

Тајната на спасението е толку славна, толку длабока и толку возвишена што со неа радосно се занимаваат и небесните суштества. Како може да настапи таа промена во човечкото срце и како тој сега може од грешник да стане Божјо чедо, тоа навистина е голема тајна.

А што е уште почудно во сето тоа, тоа дело на извршување на оваа тајна и самото остварување на тајната на новородувањето, Бог ја изведува со помош на оние кои и самите некогаш биле грешници. И тие славни вистини во кои ангелите сакаат да ѕирнат, Бог им ги предал на смртниците, за тие да се служат со нив и со нивна помош да работат за Бога, како што тоа го вели и Духот на пророштвото:

„Најголемите богатства на вистината што некогаш биле доверени на смртниците, како и најсвечените и најстрашните опомени кои некогаш Бог ги испратил до светот, дадени се за да му бидат соопштени на светот.“ (CHS 148)

Најголемите духовни богатства со чија помош можат да се извршат најголеми и најславни дела, доверени ни се нам. Од неисцрпната ризница можеме неограничено да ги користиме и да спасуваме неограничен број изгубени. Имено, што повеќе ги користиме тие богатства ќе бидеме поблиску до небото, послични на Христа и покорисни за светот.

*Сабота, 9 мај 2020*

## ВЕСЛАЊЕ СО ВЕРАТА И ДЕЛАТА

**„Каква е ползата, браќа мои, ако некој рече дека има вера, а нема дела? Може ли верата да го спаси? (Јаков 2,14.)**

Најславната вест која му е дадена на Божјиот народ е веста дека Христос е нашата Праведност. Нашите дела не можат да нè оправдаат затоа што, колку и да се трудиме, тие сè уште се многу далеку од совршенство. Но, дали постои во човекот вистинска вера ако нема дела?

Некој може да рече дека има вера, но ако тоа не се гледа на дело, тоа е само негово зборување, а всушност тука нема никаква вера. Делата се плод на верата во Исуса. Тие се последица на оправдувањето кое го добивме преку верата во Него; тие се производ на силата која веќе сме ја примиле со верата преку која се поврзуваме со Него. На тој начин верата и делата стануваат неразделни. Духот на пророштвото ни дава една интересна илустрација во врска со тоа:

„Верата и делата се весла кои мораат подеднакво да се употребуваат ако сакаме да се пробиеме среде матицата на неверството... Со верата и со делата христијаните одржуваат здрав духовен живот, и нивните духовни сили стануваат посилни ако ги творат овие Божји дела“ (VM 316).

Бидејќи најголемото дело кое смртен човек може да го стори е да спаси некој свој ближен, оној во кого е сета жива вера ќе го прави ова со најголемо задоволство, покрај сите други добри дела ќе го прави и ова најголемото.

*Сабота, 16 мај 2020*

## ДА ЈА ШИРИМЕ РАДОСНАТА ВЕСТ ЗА БОЖЈАТА БЛАГОДАТ!

**„Зашто се јави Божјата благодат, која носи спасение за сите луѓе, која нѐ воспитува да се откажеме од безбожноста и светските похоти; да живееме разумно, праведно и побожно во сегашниов век, очекувајќи ја блажената надеж и славното јавување на нашиот Семоќен Бог и Спасител, Исус Христос.“ (Тит 2,11-13.)**

Божјата благодат се открива пред сите нас и пред целиот свет на толку прекрасен и возвишен начин. Науката, откритијата и сознанијата, дадени благодарение на Божјата милост, го расветлуваат нашиот ум и ни покажуваат од што треба да се откажеме и како да живееме ако сакаме да бидеме подготвени за денот на Христовото доаѓање. Надежта во тој славен ден е исто така разбудена и распламтена во нашите срца, но Исус сѐ уште не доаѓа само од една причина. Тој сака да повика и други овци кои сѐ уште не дошле во неговото трло. Не само што ги сака, туку се погрижил да имаме доволно средства и начини за да им помогнеме да дојдат, како што тоа го вели Духот на пророштвото:

„Денес постојат доволно помошни средства за ширење на вистината, но нашите браќа и сестри не ја користат понудената вредност. Во сите цркви има и такви кои сѐ уште не ја разбрале и воочиле потребата своите способности да ги стават во служба на спасување на душите. Тие не сфаќаат дека нивна должност е да пронаоѓаат читатели за нашата литература и здравствените списанија. Нивната должност е книгите и списанијата да ги однесат во многу домови.“ (4T 391)

*Сабота, 23 мај 2020*

## АЛКА ВО БОЖЈИОТ ЗЛАТЕН СИНЦИР

**„Тој го најде првин брата си Симона и му рече: ’Го најдовме Месијата, што значи Христос (Помазник)’. И го доведе при Исуса.“ (Јован 1,41.42.)**

„Секој верник претставува алка во златниот синцир со кој една душа се поврзува со Исуса.“ (ЕГВ)

Значи, секој од нас е една алка во Божјиот златен синцир на спасението. Во тој славен жив синцир секој може да биде нов дел, нова алка и синцирот така постојано да се зголемува. Некоја алка на себе има само една, додека некоја на себе додала уште десетина следни алки, па разграноците од таа алка се пружаат на сите страни.

Андреј во овој случај бил алката на спасение за својот брат Петар. Иако сме должни прво да ги спасуваме своите најблиски, тоа не значи дека ако некој, кој по местото на живеење и по роднинска врска е далеку од нас, не може да биде алка додадена на тој синцир.

„Синцирот кој е спуштен од престолот Божји“, вели Духот на пророштвото, „е доволно долг за да може да стаса и до најголемите длабочини.“ (7Т 229)

Ако си ти навистина дел од тој славен небесен синцир на љубовта, стори сè што можеш за да поврзеш што повеќе други алки во таа славна низа која е поврзана со самиот престол на небото.

*Сабота, 30 мај 2020*

## И МАЛИТЕ ДЕЛА НЕБОТО ГИ ЦЕНИ

**„А Царот ќе им одговори: ’Вистина ви велам, доколку му направивте на еден од овие Мои најмили браќа, Мене Ми направивте.“ (Матеј 25,40.)**

Секое добро дело, секое дело на љубов дури и ако изгледа мало во очите на луѓето, Исус го прима како да е направено лично Нему.

Ако некогаш се чувствуваме обесхрабрени, малодушни, разочарани, ако чувствуваме дека ни е потребно освежување, сила од небото, тогаш треба само да побараме каква било можност за да сториме некое добро дело.

„Ништо не е во состојба“, вели Духот на пророштвото, „да влее поголема духовна сила и да разбуди поголема искреност и длабоки чувства, од тоа да се оди во посета и да им се помага на оние што се очајни, а во исто време да им се обрне внимание својот поглед да го насочат кон Светлината и да ја утврдат својата вера во Исуса.“ (4T 75)

„Постојат безброј луѓе што ги напуштила секаква надеж. Вратете им ја сончевата светлина! Мнозина загубиле храброст. Упатете им зборови што охрабруваат! Молете се за нив! Има такви на кои им е неопходен леб на животот. Читајте им од Божјата реч! Многу души се зафатени со болест која ниту еден земен мелем не може да ја ублажи ниту лекар да ја исцели. Молете се за тие души, доведете ги кај Исуса! Кажете им дека има мелем во Галад и дека и лекарот е таму!“

Кога е толку богат изворот на Божјата сила и богатства, а има толку многу кои се наоѓаат околу нас на кои им е потребна помош, вистинско чудо е што не одиме почесто на тој извор и што не побрзаме за да го правиме тоа и на тој начин да ја напоиме не само својата душа со силата на животот од небесниот извор, ами и другите души да бидат обилно напоени.

*Сабота, 6 јуни 2020*

## „ВЕРНИ ВО МАЛИ РАБОТИ“

**„Тогаш неговиот господар му рече: ’Добро, сакан и верен слуго! Си бил верен во малку, ќе те поставам над многу; влези во радоста на својот господар’.“ (Матеј 25,21.)**

Ние обично чекаме прилика за да сториме некое добро и големо дело. И додека според наше мислење, таква прилика не ни се пружи, си дозволуваме да не го работиме и тоа што би можеле, бидејќи ни се чини дека тоа не е толку значајно.

Божјата Реч нè учи дека тоа не правилно. Без оглед на тоа колку нам работата ни изгледа безначајна, треба да ја работиме затоа што и најмалата работа што ја правиме треба да биде за да се прослави Божјото име и за спасение на ближните.

„Многу е впечатлив фактот дека најголемите дела можат да се изведат за Господа на многу едноставен начин.” (ЕВ 93)

Еден брат со помош на својот омилен инструмент, усна хармоника, тргнал да работи за Господа. Тој работел и на тој начин, иако тој инструмент бил едноставен. Одел кај болни, во далечни места и покрај патиштата ва зафрлените краеви и свирел побожни песни, а потоа нудел литература која зборува за тоа што го свирел. Успеал многу луѓе да запише во Дописната библиска школа. По извесно време ја имал таа радост да го види и првото крштавање благодарение на својата работа со скромниот инструмент.

Да работиме на секој начин кој најдобро ни одговара. Да ги ставиме своите таленти во Божја служба и Бог ќе ги употреби на своја слава, а во денот кога Тој ќе дојде, ќе ја награди твојата верност „во малку“, и ќе ја искусиш „радоста на својот господар.“

*Сабота, 13 јуни 2020*

## ИСТРАЈНИ ВО СВЕДОЧЕЊЕТО

**„Народите чекорат кон твојата светлина, и царевите кон исток на твојот сјај.“ (Исаија 60,3.)**

Кога ќе дојде тоа време кога илјадници ќе се обратат? Како тоа одеднаш ќе дојде до толку големо обратување? Дали тоа ќе дојде наеднаш? Не. Тоа што тогаш ќе се случи, ќе биде плод на долга и истрајна работа.

Набљудувајте ја само малку нашата работа и ќе забележите колку е нерамномерна. Едно време, додека сме восхитени, работиме – а потоа кога ќе се зафатиме со некоја друга работа и грижи забораваме на Божјата работа. Ако така без план работиме на нашите ниви или на некоја друга наша работа, никогаш ништо нема да ожнееме од тие ниви, ниту пак другата работа би ни одела од рака. Ако работиме без план и во Божјото дело, ќе ги добиеме истите резултати.

„Тајната на успехот во работата за Господа лежи во хармоничната работа на Божјиот народ. Мора да постои истраен напор во работата. Секој верник во Христовата црква мора да ја одигра својата улога во Божјото дело според способностите што Бог му ги дарил. Мораме да се обединиме во борбата против сите препреки и потешкотии. Мораме да стоиме рамо до рамо, срце до срце. Кога сите вака хармонично би работеле, одејќи обединети напред под водство на истата сила на Светиот Дух, тежнеејќи да постигнеме иста цел, целиот свет веќе би бил ставен во движење.“

„На своето работно место да работиме непрекинато цела година, да работиме сите во сите цркви и во целиот свет. Кога тоа ќе го сториме, светот ќе биде ставен во движење, задоцнетиот дожд ќе се излее, илјадници и илјадници ќе се обратат во еден ден и делото ќе биде завршено.“ (Елена Вајт)

*Сабота, 20 јуни 2020*

## ДА ЈА ШИРИМЕ ЗДРАВСТВЕНАТА РЕФОРМА

**„И Исус обиколуваше по цела Галилеја, учејќи во нивните синагоги и проповедајќи го Евангелието за царството, и лекувајќи секаква болест и секаква немоќ меѓу народот.“ (Матеј 4,23.)**

Сѐ што Исус работел, работел за нам да ни остави пример. Дали тоа значи дека и ние треба да работиме исто како Исус кога се соочуваме со беда, болести и секакви други видови на човечка немоќ. Дали и тоа е проповедање на Евангелието?

Таквиот начин на проповедање, всушност, е проповедање во својата највозвишена форма. Бидејќи Христос повеќе не е во тело на земјата, Духот на пророштвото вели дека работата што Тој одамна ја започнал на земјата ни ја оставил нам да ја продолжиме: „Христос веќе не живее во тело на овој свет за да може и денес да ги посетува градовите и селата и да ги исцелува болните, па затоа нам ни дал налог ние да продолжиме со здравствено-мисионската работа што Тој ја започнал.“ (7Т 63)

„Нашиот народ треба да покаже живо интересирање за здравствено-мисионската работа.“ (7Т 63)

„Ние треба секогаш да имаме предвид дека целта на здравствено-мисионската работа да се насочат мажите и жените болни од грев кон Човекот од Голгота, Кој ги земал на Себе гревовите на светот. Гледајќи во Него, луѓето се менуваат и стануваат слични Нему. Ние треба да ги охрабриме болните и оние што страдаат да гледаат кон Христа и да живеат. Работниците треба постојано да го упатуваат погледот на болните обесхрабрени од својата болест кон Христа, Големиот Лекар. Укажувајте им на Оној, кој може да ги исцели и физичката и духовната болест. Раскажувајте им за Оној кој е трогнат од нивните слабости и немоќи. Охрабрете ги да се стават себеси под заштита на Оној кој го даде Својот живот за да им овозможи ним да добијат вечен живот.“

*Сабота, 20 јуни 2020*

## СОНЦЕТО НА ПРАВДАТА

**„Еве, гледам свеќник цел од злато и чашка за масло врз него... Тоа е словото Господово кон Зоровавел, што кажува - не со сила не со снага, а со Мојот Дух“ (Захарија 4,1-6).**

Никој не може да го дели она што самиот не го примил. Во Божјето дело ништо не може да се постигне со човечка моќ. Никој не може самиот себеси да се стори светлоносец за Бога со своја сила. Единствено златното масло, кое небесните весници го преточувале во златните инки од златните садови да се излее во светилките на светилникот, било во состојба трајно да ја одржува блескотната, сјајна светлина во Светилиштето. Само Божјата љубов, која постојано се излева врз човекот, може да го оспособи човечкото орудие да шири светлина. Во срцата на сите кои со вера се соединиле со Бога, златното масло на љубовта дотекува во обилна мера, и тоа ќе се покаже низ сјајот на добрите дела, низ вистинската служба на Бога со сето срце.

Во неизмерно големиот дар на Светиот Дух се содржат сите небесни богатства. Кога сите би сакале да ја примат силата на Светиот Дух, сите би биле исполнети со неа.

Предност на секоја душа е да стане жив канал преку кој Бог ќе го излева врз светот богатството на својата милост, недосегливото Христово богатство. На светот ништо не му е толку потребно колку љубовта на Спасителот која ќе се покаже преку луѓето. Цело небо чека живи канали преку кои светото масло ќе носи радост и благослов во човечкото срце.

Христос сторил сè што стоело до него неговата црква во целост да се преобрази, да заблескоти со сјајот на Светлината на светот... Негова намера е секој христијанин да го опкружи со духовна атмосфера на светлина и мир. Тој копнее ние во нашиот живот да ја откриваме неговата радост. Најдобар доказ дека во нечие срце живее Светиот Дух е небесната љубов што ја покажува човекот во својот живот. Преку таков човек како

орудие, наполно посветено на Бога, полнотата на божествената љубов ќе се излева и врз другите.

*Сабота, 27 јуни 2020*

## СЕТИ СЕ ДЕНЕС ПОСЕБНО НА ТВОИТЕ БЛИЖНИ

**„И јас самиот, браќа мои, сум уверен за вас, дека сте и самите полни со доброта, исполнети со секакво знаење и дека можете да се поучувате еден со друг.“ (Римјаните 15,14.)**

Секоја сабота во ова време веќе сите точно знаеме што ќе ни биде речено. Сите сме подготвени да го чуеме повикот кој ќе ни биде упатен да се впрегнеме на работа и да им сведочиме на ближните. Тие повици ни се добро познати, особено ако подолго време ѝ припаѓаме на Божјата црква. Зошто е потребно постојано да зборуваме за потребата од мисионска работа? Навистина, кога сите вредно би работеле, мисионските повици веќе одамна би престанале. Црквата веќе би била спасена во небесните дворови, а таму веќе не е потребно некој да се спасува. Зошто ни се упатуваат овие мисионски повици? Затоа што ни се неопходно потребни. Ние сме таа Црква преку која Бог треба да го опомене светот, а светот сѐ уште не е опоменат. Што да се стори сега? Единствено разумно што сега може да се стори, е да се опоменат гласниците да ја исполнат својата пропуштена должност, а оние кои веќе верно ја исполнуваат таа должност да се охрабрат на уште поревносна работа.

Кој одговор можеме да го дадеме пред нашиот мил Спасител за неизвршената работа? Тој оставил сѐ за да нѐ спаси мене и тебе, а што сме ние спремни да оставиме за Него и за оние души за кои нѐ моли да ги спасиме со Неговата милост.

Денес е вистинскиот ден кога треба да уште повеќе да размислуваме како да им ја пренесуваме радосната вест на ближните. Да издвоиме време и да се молиме за нив и Бог нека нѐ води во нашите напори да го шириме неговото дело.

ГРАДИВО 2/2020
**Мисионски стихови**
**-** Евангелски активности
на верниците

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и**
**техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**